MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 21-7511/1*
*12.11.2025 година*
*Штип*

Врз основа на Договорите за соработка склучени помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и општина Штип со број 03-7463/1, 03-7464/1, 03-7465/1,03-7466/1 од 10.11.2025 година, а во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, активна мерка 7.2 Општинско корисна работа, на ден 12.11.2025 година се објавува:

## Ј А В Е Н   П О В И К

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект „Социјални услуги по мерка на граѓаните " за вклучување/работно ангажирање од 40 работни часа неделно во период од 18 (осумнаесет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Штип.

Евидентираните невработени лица задолжително мора да имаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува.

**Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува18 месеци од кои првите 6 (шест) месеци ќе бидат финансирани од буџетот на АВРСМ, а останатите 12 (дванаесет) месеци ќе бидат финансирани од страна на општината.**

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица активни баратели на работа.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од **28.000,00** денари бруто износ со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

**Работно место 1**: ***Негувател на деца во градинка*** со следниве работни задачи:

- Осумчасовно дневно ангажирање во детските градинки

-Се грижи за правилно извршување на основните потреби на детето (соблекување, облекување, тоалет, исхрана и друго), грижејќи се за безбедноста на децата;

- Го сервира јадењето и се грижи за правилно конзумирање на храната;

- Се грижи за здравјето и психофизичкиот развој на детето, во случај на појава на заболување кај детето, го изолира детето и го известува лекарот и родителот;

- Учествува во средување и уредување на просторијата, се грижи за хигиената на просторијата, и постелнината и облеката на детето, води грижа за правилно организирање на дневниот одмор (облекување на пижами, детето спие во своето креветче и друго), ги мие играчките и врши дезинфекција на играчките, се грижи за редовно проветрување и затоплување на просторијата;

- Соработува и му помага на воспитувачот во реализација на активностите од дневното планирање;

Позиции за работно место 1: **4 позиции**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 1: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Стручно квалификувани одговорни и комуникативни лица, Лице со завршено средно медицинско училиште, средно гимназиско образование,спортска гимназија,уметничко образование или средно стручно образование од здравствената струка , Претходно добиена лиценца за негувател;

**Работно место 2**: ***Воспитувач на деца во градинка*** со следниве работни задачи:

- Осумчасовно дневно ангажирање во детските градинки

-Планира и реализира воспитно- образовна работа во групата со примена на современи дидактички методи, форми и принципи на работа со деца;

-Работа на адаптација и социјализација на децата како и на унапредување и развивање на интелектуалните, комуникациските и творечките способности кај децата;

-Осмислување на просторот педагошки, естетски креативно притоа почитувајки ги начелата од здравствен, хигиенски и од безбедноснен аспект;

-Создава основа и интерес кај децата за развивање на основните културно хигиенски и работни навики, како и навики за правилно конзумирање на оброците и притоа води грижа за нивното здравје и безбедност;

-Ги почитува и спроведува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на работно место;

Позиции за работно место 2: **3 позиции**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 2: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Стручно квалификувани одговорни и комуникативни лица, Лице со ВСС Педагошки факултет предучилишно образование, Претходно добиена лиценца за воспитувач;

**Работно место 3: Асистенти за стари и лица со попреченост инструментални** со следниве работни задачи:

- Осумчасовно дневно ангажирање во домот и надвор од домот на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост;
-Помош при извршување на обврски надвор од домот;
-Помош при одржување на хигиената во домот и личната хигиена;
-Здравствена грижа и нега;
-Набавка на лекови;
-Доставување и приготвување на оброци до и во домот;
-Придружба и помош при посета на културни настани прошетки и екскурзии;

Позиции за работно место 3: **2 позиции**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 3: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност,Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Лица со завршено минимум основно образование, Стекнат сертификат за давање на социјалната услуга и тоа неговател за стари и изнемоштени лица или неговател за стари и изнемоштени лца алцхајмер, палијативна нега или мултиплекс склероза или неговател за лица со попреченост, личен асистент

**Работно место 4: Неговател за деца во Мал групен дом за деца без родители и родителска грижа** со следниве работни задачи:

- Осумчасовно дневно ангажирање во Мал групен дом за деца без родители и родителска грижа;

- Помош и поддршка при прифаќањето, облекување, одржување на личната хигиена, обавување дневно згрижување и подготвување на храна, одржување на дневен простор

Позиции за работно место 4: **2 позиции**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 4: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Лице со завршено минимум средно образование,Стекнат сертификат за давање на социјалната услуга и тоа неговател за стари и изнемоштени лица или неговател за стари и изнемоштени лца алцхајмер, палијативна нега или мултиплекс склероза или неговател за лица со попреченост, личен асистент

**Работно место 5: Неговател за лица со интелектуална или телесна попреченост Дневен центар** со следниве работни задачи:

- Осумчасовно дневно ангажирање во Дневен центар за деца со интелектуална или телесна попреченост

-Помош и поддршка при прифаќањето, облекување и соблекување, хранење, одржување на личната хигиена и обавување на физиолошките потреби на корисниците;

- Учество во тоалет тренинг;

-Секојдневно активно учествува при изведување на одредени програмски активности;

Позиции за работно место 5: **1 позиции**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 5: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Лице со завршено минимум средно образование, Стекнат сертификат за давање на социјалната услуга и тоа неговател за стари и изнемоштени лица или неговател за стари и изнемоштени лца алцхајмер, палијативна нега или мултиплекс склероза или неговател за лица со попреченост, личен асистент.

**Работно место 6: Асистент во ран детски развој** со следниве работни задачи:

Работа со ученици преку Насочени активности и тоа:

-обработка на домашни задачи;

-проверка на домашни задачи;

-насочување, мотивирање и помагање на поооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;

-изработка на пообени и посложени задачи за ученици кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини:

-дополнување на наставните содржини;

-проширување на наставните содржини;

-проверка на знаењата;

-вежби;

-мотивирање на учениците за меѓусебна помош во учењето;

-изнаоѓање на нови и посовремени начини за реализација на домашните и активностит кои се поврзани со наставните содржини;

-оспособување за осамостојување на учениците во работата;

-оспособување за самостојно проверување на изработеното и наученото;

-индивидуален пристап во работата со учниците;

-контролирање и координирање на успехот на учениците;

Работа со ученици преку слободни активности и тоа:

-здравствено-физичко подрчје;

-научно-техничко,

-уметничко-естетско подрачје;

-општествено подрчје,

Соработка со родители;

Соработка со наставници;

Соработка со директорот,стручни служби, воспитно образовни институции, невладин сектор и други институции;

-помош и поддршка на учениците;

-нега на децата со попреченост;

Позиции за работно место 6: **2 позиции**

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за јавни служби Тел: (032) 22 66 14; Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Потребни квалификации и занимања за Работно место 6: Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност,Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Штип, Лицето да припаѓа на

една од целните групи, Лице со завршено ВСС; Стекнат сертификат за давање на социјалната услуга и тоа негувател за стари и изнемоштени лица или негувател за стари и изнемоштени лца алцхајмер, палијативна нега или мултиплекс склероза или негувател за лица со попреченост, личен асистент.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Штип во периодот од 11.11.2025 година до 20.11.2025 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Штип и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Штип кај лицето Вања Џамбазова Николовска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Штип кај лицето Лазо Димчов, Центар за социјлна работа Штип кај лицето Весна Панов.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Иван Јорданов

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за јавни служби Тел: (032) 22 66 14; Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*